РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-5319/2
19-06-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на продолжението од шестата седница одржано на ден 12.06.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-5319/1 од 14.11.2023 година, **СЕ ЗАПИРА.**
Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-5319/1 од 14.11.2023 година.
Предметот со број 08-5319/1 од 14.11.2023 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот број 08-5319/1 од 14.11.2023 година е оформен по поднесена пријава во која се наведува дека лицето ______________________ нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси во законски предвидениот рок по именување на функцијата ВД директор на ______________________..
По увидот во Регистарот на избрани и именувани лица констатирано е дека Влатко Попоски е именуван на функцијата на 05.02.2024 година и дека истиот во законски утврдениот рок не поднел Изјава за имотна состојба и интереси.
ДКСК на ______________________ му издаде прекршочен платен налог број 08-1604/2 од 14.05.2024 година за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

По издадениот прекршочен платен налог, во законски предвидениот рок, е постапено од страна на именуваниот, односно е платена половина од утврдената глоба.
Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч., раководител на одделение
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК